Финансирано од Европска Унија

ЕУ со ТЕБЕ

Институт за човекови права

Повик за доделување грантови на граѓански организации во рамките на проектот „ИНИЦИЈАТИВА ЗА АДМИНИСТРАТИВНА СОЦИЈАЛНА ПРАВДА“

Објавен на 16 февруари 2026 година

Упатство за апликанти

Краен рок за поднесување на предлог проекти: 16 март 2026 година

Проектот е имплементиран од Институтот за човекови права, а финансиски поддржан Европска унија во рамки на ИПА-ЕИДХР програмата за човекови права и демократија.

СОДРЖИНА

1. ОПИС НА ПРОЕКТОТ „ИНИЦИЈАТИВА ЗА АДМИНИСТРАТИВНА СОЦИЈАЛНА ПРАВДА“ 2

2. ПОВИК ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ ГРАНТОВИ НА ГРАЃАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ 2

Цел на повикот 2

Содржина на предложените акции 3

Времетраење на проектите 3

Видливост на проектите 3

Критериуми за учество во повикот 3

Подобност на трошоци 4

Процес на селекција 5

Градење капацитети и обврски на грантистите 6

Начин на пријавување 6

Дополнителни појаснувања 7

Информативна сесија 7

1. ОПИС НА ПРОЕКТОТ „ИНИЦИЈАТИВА ЗА АДМИНИСТРАТИВНА СОЦИЈАЛНА ПРАВДА“

Проектот **„Иницијатива за административна социјална правда“** го спроведува Институтот за човекови права со цел подобрување на пристапот до административна социјална правда за маргинализираните и ранливите групи преку јакнење на институционалните капацитети и граѓанските организации.

Специфични цели на проектот се:

1. Да се поддржи прибирањето на податоци засновано на докази со цел овозможување на подобри политики кои ги штитат социјалните права во административните постапки за маргинализираните граѓани;
2. Да се охрабрат маргинализираните заедници да застапуваат за своите социјални права во рамките на административните процеси;
3. Да се зголеми знаењето меѓу различните засегнати страни за меѓународните стандарди во областа на административните постапки за постигнување социјална правда.

Во рамките на проектот се предвидени следниве активности:

- Прибирање податоци и анализа на политики за административна социјална правда;
- Национална координативна мрежа за административна социјална правда;
- Едукација и промоција на административните социјални права;
- Јакнење на капацитетите на правните клиники и правните факултети;
- Регрантирање и јакнење на капацитетите на граѓанските организации за административна социјална правда.

Периодот на имплементација на проектот е од 1 јануари 2025 година до 31 декември 2026 година.

2. ПОВИК ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ ГРАНТОВИ НА ГРАЃАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ

Институтот за човекови права, во рамките на проектот **„Иницијатива за административна социјална правда“**, финансиски поддржан од Европска унија во рамки на ИПА-ЕИДХР програмата за човекови права и демократија (EuropeAid/180645/DD/ACT/MK), објавува **повик за доделување грантови за граѓански организации (ГО)**. Грантовите се доделуваат со цел унапредување на пристапот до социјална и административна правда за ранливи и маргинализирани групи на локално ниво.

Во рамките на овој повик ќе се доделат најмалку 3 мали грантови, со **максимален износ од 4.000 евра по грант**. Вкупниот износ на повикот изнесува **до 12.000 евра**.

2.1 Цел на повикот

Целта на овој повик е да се обезбеди поддршка за граѓански организации кои работат директно со маргинализирани и ранливи заедници, со цел:

- унапредување на пристапот до социјална и административна правда;
- зајакнување на капацитетите на локалните ГО за обезбедување услуги;
- подобрување на информираноста и остварувањето на правата на граѓаните во постапките пред институциите.

На повикот особено се охрабруваат да се пријават помали локални организации надвор од Скопје.

2.2 Содржина на предложените акции

Од заинтересираните ГО се очекува да поднесат проектни апликации со јасно дефинирани и иновативни акции насочени кон унапредување на социјалната и административната правда. Предложените активности треба да се однесуваат на една или повеќе од следните тематски области:

1. Пристап до правда
- обезбедување бесплатна правна помош и правно советување особено во област на социјални права;
- поддршка на граѓани во административни постапки;

2. Информирање и едукација
- активности за информирање на заедниците за нивните права;
- едукативни работилници и теренска работа со ранливи групи;

3. Застапување и јавно дејствување
- локални иницијативи за подобрување на административните услуги;
- активности за застапување и подигање на јавната свест;

4. Работа со маргинализирани групи
- активности насочени кон жени, лица со попреченост, Роми, социјално загрозени лица, жртви на дискриминација и други ранливи групи.

2.3 Времетраење на проектите

Спроведувањето на акциите треба да трае **од 4 (четири) до 6 (шест) месеци**. Проектите може да започнат најрано во април 2026 година, а мора да завршат најдоцна до октомври 2026 година.

2.4 Видливост на проектите

Апликантите се обврзани да ги почитуваат правилата за видливост на Европската Унија. Детални насоки за видливост ќе бидат доставени на грантистите по потпишување на договорите за грант.

2.5 Критериуми за учество во повикот

Право на учество имаат граѓански организации кои:
- се регистрирани согласно Законот за здруженија и фондации на РСМ;
- имаат минимум две години релевантно искуство;
- имаат докажана работа во областа на социјалната/административната правда;
- работат директно со маргинализирани заедници;
- имаат капацитет и кредибилитет за спроведување на предложените активности.

Финансиски услови

- Максимален износ по грант: **4.000 евра**
- Не е потребно кофинансирање
- Давателот на грантот го задржува правото да не ги додели сите средства

На повикот **не можат** да бидат предложени акции кои се спроведуваат во рамките на тековни проекти на организациите финансирани од други донатори.

На повикот **не е дозволено учество** на политички партии, профитни организации и граѓански организации кои промовираат и користат насилство.

На повикот **не може да учествуваат** организации кои се корисници на грант од Делегацијата на Европската Унија (како главен спроведувач или како партнер) во рамките на во рамки на ИПА-ЕИДХР програмата за човекови права и демократија (EuropeAid/180645/DD/ACT/MK).

Не е неопходно кофинансирање од страна на апликантот. Преку овој повик ќе се доделат најмногу 3 грантови. Точниот износ на поединечниот грант ќе се утврди врз основа на проценката на предложениот буџет во однос на неговата ефикасност и поврзаност со предложените активности.

2.6 Подобност на трошоци

Трошоците кои се подобни во рамките на овој повик се трошоци кои:

- Се направени од страна на корисникот на грантот во текот на проектот и поврзани со активностите планирани во рамки на договорот за грант;
- Се наведени во буџетот на проектот приложен кон договорот за грант;
- Се неопходни за спроведување на проектот кој е предмет на договорот за грант;
- Може да се утврдат и потврдат, како и да се евидентирани во сметководството на корисникот и утврдени согласно важечките сметководствени стандарди во државата во која е основан корисникот (корисниците), и во согласност со вообичаената пракса за сметководствена евиденција на трошоците на корисникот;
- Се во согласност со барањата на соодветното даночно и социјално законодавство; и
- Се разумни, оправдани и во согласност со принципот за добро финансиско управување, особено во однос на економичност и ефикасност.

Прифатливи трошоци:

Грантот ќе покрие само прифатливи трошоци. Прифатливи се оние трошоци кои се директно поврзани со предложените проектни активности:

- трошоци за човечки ресурси;
- патни трошоци поврзани со активностите;
- канцелариски трошоци за кирија и канцелариски материјали (до 7%);
- трошоци за експерти, обуки, теренски активности и видливост.

Неприфатливи трошоци:

- Набавка на опрема;
- Трошоци за ДДВ;[1]
- Режиски трошоци (струја, вода, интернет, телефон, парно, струја, одржување, сметководство и други);
- Долгови и давачки за сервисирање на долгот (камати);
- Резерви за загуби или потенцијални идни обврски;
- Трошоци пријавени од страна на грантистот/ите, а финансирани од друг проект или програма за работа кои добиваат грант од Европската Унија или се веќе финансирани од други донатори;
- Набавка или реновирање недвижнини;
- Набавка на возила или мебел;
- Загуби од курсни разлики;
- Кредити за трети лица;
- Трошоци за плати или надоместоци за лица кои работат во државни институции;
- Трошоци за финансирање политички партии и избори;
- Трошоци за ретроспективно финансирање;
- Трошоци за активности надвор од земјата (студиски посети, итн.).

2.7 Процес на селекција

Селекцијата ќе се одвива во две фази:

1. Административна проверка

- навремена и комплетна апликација;
- исполнување на критериумите за подобност.

2. Квалитативна евалуација

Предлог проектите ќе се оценуваат согласно следнава табела за бодување:

Критериуми	Опис	Бодови
Релевантност и влијание на предложените активности	Се оценува усогласеноста на предложените активности со целите на повикот, реалните потреби на целните групи и идентификуваните проблеми во заедницата. Се оценува дали проектот адресира конкретни и јасно дефинирани проблеми, дали активностите се логично поврзани со целите и дали се очекува мерливо и значајно влијание врз корисниците и пошироката заедница.	30
Директна работа со маргинализирани заедници	Се оценува степенот до кој проектот вклучува директна и суштинска работа со маргинализирани, ранливи или недоволно застапени групи. Овој критериум ја зема	20

[1] Проектот „Иницијатива за административна социјална правда“ е ослободен од ДДВ. Организациите кои ќе добијат грант во рамки на овој повик, ќе треба да ги регистрираат проектите во Министерство за Европски прашања и Управата за јавни приходи.

	предвид длабочината на вклученост (не само консултативна, туку и активна партиципација), прилагодеността на активностите на специфичните потреби на заедниците, како и почитувањето на принципите на инклузивност, недискриминација и пристап заснован на човекови права.	
Капацитет на организацијата	Се оценува институционалниот, човечкиот и организацискиот капацитет на апликантот за успешно спроведување на проектот. Се оценува релевантното искуство на организацијата, експертизата на проектниот тим, претходни реализирани проекти, како и способноста за финансиско и административно управување.	20
Креативност и одржливост	Се оценува иновативноста на пристапот, користењето креативни методи и алатки, како и степенот до кој проектот нуди нови или подобрени решенија за постоечките проблеми. Во рамки на овој критериум се оценува и одржливоста на резултатите – дали проектот има потенцијал да продолжи да создава вредност и по завршувањето на финансирањето, преку јакнење на локалните капацитети, институционализација на активностите или можност за реплицирање.	20
Економичност на буџет	Се оценува оправданоста, реалноста и ефикасноста на предложениот буџет во однос на планираните активности и очекуваните резултати. Се вреднува јасната поврзаност помеѓу трошоците и активностите и рационалното користење на средствата. Предност имаат проекти кои постигнуваат значајно влијание со оптимални финансиски ресурси.	10
	Вкупно	**100**

Предност за финансирање ќе им се даде на помали локални организации надвор од Скопје.

2.8 Градење капацитети и обврски на грантистите

Избраните организации ќе учествуваат во **обврзувачка програма за градење капацитети**, која вклучува:

- тридневна обука (ЕУ правила, социјална и административна правда);
- континуирана менторска поддршка и мониторинг.

2.9 Начин на пријавување

Апликацијата се состои од:

1. Образец за пријавување (Прилог 1)
2. Буџетски образец (Прилог 2)
3. Тековна состојба од Централен регистар не постара од шест месеци
4. Кратки биографии на клучниот персонал кој ќе биде вклучен во реализацијата на проектот

Апликациите се доставуваат електронски на: vesna.stefanovska@ihr.org.mk и marija.chekredji@ihr.org.mk.

Крајниот рок за аплицирање е 16 март 2026 година. Сите апликации кои ќе пристигнат по истекувањето на рокот за пријавување нема да бидат земени предвид.

ИЧП го задржуваат правото да побара дополнителни информации за предлозите или за подносителите на апликациите коишто сметаат дека се потребни за оценувањето.

2.10 Дополнителни појаснувања

Грантот ќе се додели во денарска противвредност на банкарска сметка на организацијата. Предложениот буџет не смее да го надмине максималниот износ.

Сите организации кои се пријавиле ќе бидат писмено известени за резултатите од Повикот.

Доколку имате **дополнителни прашања** или потреба од појаснувања ве молиме да се обратите на писмено до Весна Стефановска на следната мејл адреса vesna.stefanovska@ihr.org.mk или до Марија Чекреџи на marija.chekredji@ihr.org.mk **најдоцна до 9 март 2026 година**. Сите прашања и одговори ќе бидат јавно објавени на веб страницата на ИЧП.

2.11 Информативна сесија

За заинтересираните кандидати, Институтот за човекови права ќе организира информативна сесија на која ќе бидат претставени условите за учество во грантовата шема, процесот на селекција, како и методологијата за спроведување на добиените грантови. **Информативната сесија ќе се одржи на 2 март 2026 година на платформата ЗУМ со почеток во 14:00 часот.**

Линкот за информативната сесија ќе биде објавен на нашата веб-страница и социјални мрежи.